# POLICIES FOR SUPPORTING GREEN ENTREPRENEURIAL BUSINESSES

**Marija Magdinceva-Sopova**
Faculty of tourism and business logistics, University Goce Delcev-Stip, North Macedonia,
marija.magdinceva@ugd.edu.mk
**Aneta Stojanovska-Stefanova**
Faculty of tourism and business logistics, University Goce Delcev-Stip, North Macedonia,
aneta.stojanovska@ugd.edu.mk

**Abstract:** The current environmental conditions that have arisen as a result of the global health and economic crisis have caused major changes in the work of all companies. Today's global world is facing a number of challenges of a social, economic and environmental nature that affect living conditions and the lives of today's generations. Because the challenges faced by the population have a long-term character, their impact will also be felt on the future generations. Solving modern challenges consists in finding an answer to questions related to sustainable businesses and the introduction of so-called green innovations.
The majority of enterprises are facing pronounced problems in their work, caused by the increase in the prices of raw materials and energy on the supply of the global market which generates increased operating costs and reduced revenues. Therefore, a greater number of entrepreneurs are focusing on finding and putting into operation renewable energy sources and implementing “green businesses”.
Green businesses or green entrepreneurship is a special form of entrepreneurship that expresses the company's activities to encourage eco-businesses, use of renewable energy sources and responsibility towards the environment. Green entrepreneurship is associated with "green" enterprises, i.e. "green" businesses whose main goal is to increase energy efficiency. The advancement of work and utilization of opportunities from renewable energy sources is a challenge for entrepreneurs but also a real need. Therefore, the need to introduce the green, eco activities that are aimed at environmental responsibility and a sustainable concept of operation.
The concept of green entrepreneurship has great importance in today's working conditions. The importance is increasing because this concept provides new jobs, an opportunity for economic growth with the simultaneous application of tools and mechanisms to reduce the harmful impact on the environment. The implementation of the concept of the green entrepreneurial business represents a very important element in the work of enterprises but also for the national economy. Therefore, the policies of support the iimplementation of this concept by the banks and finance institution and the state are of great importance.
The long-term positioning of enterprises in the market depends on the representation and application of the concept of sustainable business. Therefore, the object of research of this paper is aimed at analyzing the characteristics of the “green entrepreneurial businesses” and the policies to support and implement this type of entrepreneurial businesses. As a result of the conducted analysis, in the conclusion of the paper, will be given recommendations and measures for the promotion of policies to support of the "green" enterprises.
**Keywords:** green entrepreneurship, green businesses, policies, environment, financing

# ПОЛИТИКИ ЗА ПОДДРШКА НА ЗЕЛЕНИ ПРЕТПРИЕМНИЧКИ БИЗНИСИ

**Марија Магдинчева-Шопова**
Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет “Гоце Делчев”, Штип
marija.magdinceva@ugd.edu.mk
**Анета Стојановска-Стефанова**
Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет “Гоце Делчев”, Штип
aneta.stojanovska@ugd.edu.mk

**Апстракт:** Тековните состојби во окружувањето кои се јавија како резултат на глобаланата здравствена и економска криза предизвикаа големи промени во работата на сите претпријатија. Денешниот глобален свет се соочува со голем број предизвици од социјален, економски и еколошки карактер кои влијаат на условите за живот и животот на денешните генерации. Бидејќи предизвиците со кои се соочува населението имаат долгорочен карактер, нивното влијание ќе се почувствува и на идните генерации. Решавањето на современите предизвици се состои во пронаоѓање одговор на прашањата поврзани со одржливи бизниси и воведувањето на т.н.зелени иновации. Зголемувањето на цените на суровините и енергенсите на глобалниот

пазар на снабдување предизвика зголемени трошоци во работата и намалување на приходите кај поголем број претпријатија, поради што се соочуваат со изразени проблеми во работата. Затоа поголем број претприемачи се фокусираат кон пронаоѓање и ставање во функција на обновливи извори на енергија и имплементирање на т.н.зелени бизниси. Зелените бизниси или т.н. зелено претприемништво претставува посебна форма на претприемништво кое ги изразува активности на претпријатието за поттикнување на еко бизниси, искористување на обновливите извори на енергија и одговорност кон животната средина.
Зеленото претприемништво се поврзува со т.н. "зелени" претпријатија, односно "зелени" бизниси чија што основна цел е зголемување на енергетската ефикасност. Унапредувањето на работата и искористување на можностите од обновливите извори на енергија претставува предизвик за претприемачите но и реална потреба. Поради тоа неопходна е потребата од воведување на т.н. зелени, еко активностите кои се насочени кон одговорност кон животната средина и одржлив концепт на работење.
Концептот на зелено претприемништво има голема важност во денешни услови за работа. Важноста се повеќе се зголемува од причина што преку овој концепт се обезбедуваат нови работни места, можност за економски раст со истовремена примена на алатки и механизми за намалување на штетното влијание на животната средина. Важен елемент во работата на претпријатија но и во национални рамки претставува имплементирањето на концептот на т.н. зелен претприемнички бизнис . Поради тоа од голема важност се политиките за поддршка за воведување на овој концепт од страна на банките и државата.
Долгорочното позиционирање на претпријатијата на пазарот зависи од застапеноста и примената на концептот на одржлив бизнис. Поради тоа предмет на истражување на овој труд е насочен кон анализа на карактеристиките на т.н. зелени претприемнички бизниси и политиките за поддршка и имплементирање на овој вид претприемнички бизниси. Како резултат на спроведената анализа, во заклучокот од трудот ќе бидат дадени препораки и мерки за унапредување на политиките за поддршка на т.н.. "зелени" претпријатија.
**Клучни зборови:** зелено претприемништво, зелени бизниси, политики, животна средина, финансирање

## 1. ВОВЕД

Во услови на неизвесно глобално окружување, современите претпријатија се насочени кон решавање на предизвиците од економски и еколошки карактер бидејќи нивното влијание директно се чувствува на условите за работа на претпријатијата и живот на сегашните и идни генерации. Претпријатијата се насочени кон пронаоѓање одговор на прашањата поврзани со одржливи бизниси и воведување на нов пристап на работа. Во таа насока од голем аважност е креирање на политики за поддршка на "зелените бизниси". Зелените претприемачки политики имаат фундаментален придонес за одржлив развој (Wei, X.; Ren, H.; Ullah, S.; Bozkurt, C., 2022,1-13). Постигнувањето на одржлив развој е во директна зависност од прифаќањето и почитувањето на принципите на одржливиот развој.

Овој пристап за ново дефинирање на развојот укажува на потребата за изградба на нов однос на човекот и општеството кон природата, а тоа е преиспитување на принципите на економски развој и воспоставување на нов однос меѓу општеството и природата (Петровска-Ангеловска Н.,Хаџи-Наумова Михајловска К.,2021,21).

Основа за планирање на новиот бизнис пристап претставуваат глобалните цели на одржлив развој. Зеленото претприемништво претставува нов пристап во современата економија. Преку овој концепт се истакнува фундаменталното значење на еколошката димензија на бизнисите, при што се води грижа за загадувањето на животната средина, климатските промени и непланираното користување на природните ресурси. Концептот на зелено претприемништво е насочен кон реализација на претприемнички идеи кои се одржливи и истовремено не влијаат негативно на окружувањето и животната средина. Овие претприемнички идеи ги реализираат т.н. "зелени претприемачи".

"Зелените претприемачи" се перципираат како личности кои размислуваат во духот за спас на социолошкиот пејсаж од еколошки закани ( Zhaojun, Y.; Jun, S.; Yali, Z.; Ying, W.2017, 9, 1369).

"Зеленото претприемништво" се фокусира на т.н "зелени бизниси" кои се базираат на примена на обновливата енергија, како од страна на претпријатијата од развиените земји, така и од страна на претпријатијата во земјите во развој. Основен фокус на т.н."зелени бизниси" е намалувањето на загадувањето на природната средина и ефикасно користење на природните ресури. Поради тоа се смета дека зелените бизниси создаваат можности за постигнување на одржлив развој преку обезбедување на финансиска одржливост и унапредување на квалитетот на живот на населението.

Бројот на зелените бизниси или зелени претпријатија забележува пораст во светски рамки, кој тренд се очекува да продолжи во иднина. Потенцијалот на "зелените бизниси" се смета за многу значаен. Според објавените податоци од Светска банка, се проценува дека инвестирањето во чисти технологии во развиените земји може да постигне 64 милијарди долари за една декада (The Ellen MacArthur Foundation).

Заради намалување на ризиците и зголемување на успешноста на “зелените бизниси“ воведени се различни облици на поттикнувања и поддршка за започнување на овој вид бизниси.
Од структурен аспект, овој труд се состои од пет дела. Во првиот дел дадено е воведно образложение за предметот и целта на истражувањето. Вториот дел дава приказ на материјалите и методите кои овозможуваат спроведување на истражувањето. Во третиот дел дадена е анализа на добиените резултати а во четвртиот дел даден е приказ на карактеристиките на т.н. “зелени претпријатијата“. Заклучните согледувања се прикажани во последниот дел од трудот.

## 2. МАТЕРИЈАЛИ И МЕТОДИ

Методите и материјалите кои се применуваат во рамки на истражувањето во овој труд придонесуваат да се согледат различните дефиниции и објаснувања за концептот на т.н. “зелено претприемништво“. Исто така преку спроведената анализа даден е осврт на можните начини на поддршка и политиките за имплементирање на т.н.зелени бизниси.
Примената на соодветна методологија овозможува остварување на целта на истражувањето анализа на карактеристиките на различните начини за поддршка на овој вид бизниси кои се практикуваат од страна на државата и финансиските институции. Различните концепции на “зелени бизниси“ се анализирани со примена на методот на анализа, метод на синтеза како и дескриптивниот метод. Исто така со примена на методот на компарација ќе бидат споредени добиените резултати и фактите за предметот на истражување.

## 3. АНАЛИЗА И РЕЗУЛТАТИ

Финансиската и енергетска криза предизвика предизвика проблеми во работата кај поголем број претприемнички претпријатија во пост ковид периодот. Социјалните, економските, политичките и културните околности влијаат на намерите, целите и идеите (Ilut, P.,2003, 230). Во услови на зголемена конкуренција и глобализациски процеси, ефикасноста во работењето, квалитетот и брзината на извршување на сите деловни активности зависи од извршување на одржливи т.н. “зелени бизниси“. Во глобални рамки прифатени се принципите на одржлив развој кои се усвоени на Конференцијата за животна средина и развој на ОН одржана во Рио де Жанеиро во 1992 година.
Новите економски услови ја наметнаа потребата претпријатијата да ја променат традиционалната организација и структура на работа а развојот на информациската и комуникациска технологија овозможи појава на нови организациски структури кои се разликуваат од оние кои се базирани на статичкиот концепт (Лукиќ А,Нововиќ М., 2021, 79). Покрај финансиските проблеми, претпријатијата се соочуваат со предизвикот на одржливост на бизнисот. Во контекст на потребата за одржливост, актуелните политики може да се опишат според моделот кој се заснова на развој на еколошки сектор што е специфичен од сите сектори на дејност, за интеграција и примена на технологиите кои се одржливи (Ospanova, A.; Popovychenko, I.; Chuprina, 2022, 17, 171–18.).
При планирањето на бизнис активностите се поаѓа од потребата од креирање на политики и програми чија што примена ќе придонесе за заштита и обновувањето на природните ресурси. Зеленото претприемништво претставува процес на создавање производи и услуги кои се целосно потребни за креирање одржлив развој (Cohen, B.; Winn, M.2007, 20, 22–49). Концептот на зелени бизниси им помага на претпријатијата да се прилагодат на новите услови на работа и да воведат производи кои ќе придонесат за решавање на еколошките проблеми. Зеленото претприемништво претставува сет на активности кои имаат за цел да ги решат еколошките предизвици и проблеми (Silajdži´c, I.; Kurtagi´c, S.M.; Vuˇcijak, B. 2015, 88, 376–384).
Секое претпријатие се класифирцира во групата на т.н.”зелени претпријатија“, доколку ги исполнува следните критериуми: принципите на одржливост да се инорпорирани во секоја деловна одлука, претпријатието да обезбеди т.н.еколошки производи и услуги, претпријатието да гради конкурентски односи кои се „зелени“, во однос на традиционалните и да се одржува трајна посветеност на еколошките принципи во рамки на сите деловни активности кои се извршуваат внатре во претпријатието (Cooney S.,2009, p.25).

## 4. ДИСКУСИЈА

Зелено претприемништво претставува посебна форма на претприемништво кое подразбира извршување на бизнис активности преку кои се овозможува заштита на животната средина. Преку зеленото претприемништво се креираат т.н. “зелени претпријатија”, односно “зелени бизниси” кои овозможуваат зголемување на енергетската ефикасност преку одржливост во користењето на природните ресурси. Почитувањето на принципите на одржливост на бизнисот кои се прифатени во глобални рамки од страна на претпријатијата придонесува за имплементирање на трајни вредности во извршување на бизнис активностите од страна на т.н .“зелени претпријатија“. Основна определба на овие претпријатија е

постигнување на одржлив развој и интегрирање на туризмот, шумарството, земјоделството и индустрискиот сектор преку поддршка од страна на државните институции и финансискиот сектор.

## 5. ЗАКЛУЧОК

Инкорпорирањето на концептот на одржливост и промовирање на одговорноста кон животната средина претставува цел на современото бизнис работење. Зелените бизниси претставуваат нов современ бизнис концепт на работа кој има големо значење за сите економии и за сите дејности бидејќи при планирањето на бизнис активностите во денешни услови предизвик претставува заштитата и обновувањето на природните ресурси како и откривање на начини кои ќе го ограничат нивното трошење. Бидејќи во стручната литература не постои една единствена дефиниција или објаснување за тоа што претставуваат т.н.”зелените бизниси”, често пати овој вид бизнис активности се назначуваат со термините „одржлив бизнис“, „зелени претприемнични бизниси“, „зелена економија“, “еколошки бизнис”, “зелено работење ”, “ одговорни бизниси” и сл. Одговорноста и заштитата на животната средина претставува еден од најголемите предивици на современото живеење исто како и промовирањето и поддршката на одржливиот еколошки развој и одржливото користење на енергетските ресурси. Поддршката на концептот на зелена преку креирање на политики за зелени претприемнички бизниси и политики за поддршка на еко-иновации и услуги придонесува за надминување на најголемите предизвици и одржливо користење на ресурсите.
Најефективните начини за постигнување на енергетски одржливи бизниси претставуваат бизнис активностите кои придонесуваат за заштита на животната средина и заштеда на енергетските ресурси. Концептот на т.н. “зелената економија“ е од големо значење за постигнување на одржлив развој и истиот може да понуди опции за креирање на политики, кои не треба да бидат строг (ригиден) пакет на правила (UNCSD, 2023). Во таа насока потребно е да се поддржат политики и мерки кои ќе придонесат за заштита на животна средина со можност за имплементација и примена на принципите на т.н. “зелено работење“, воведување на политики и програми за користење на природните ресурси на долг рок, политики за промоција и поддршка на иновативни бизниси кои ќе предизвикаат промени во работата, менторска поддршка на т.н. “зелени бизнис активности”, финансиска поддршка за зголемување на инвестициите за поддршка на бизнис активностите за заштита на природната средина и одржлив развој и поддршка на претпријатијата и дејностите кои може да придонесат за т.н. “зелени работни места”, институционална поддршка и соработка на бизнис секторот и државните институции и унапредување на соработката на финансиските институции кои промовираат поддршка на зелените бизнис идеи кои се насочени кон заштита на животната средина, одржлив развој, незагадувачки бизниси, претпријатија со т.н. “зелени работни места“, обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност и одговорно управување со отпадот и водите.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Лукиќ, А., & Нововиќ, М. (2021). Accounting and audit in theory and practice,Бања Лука Колеџ, 2021, стр.79
Петровска-Ангеловска, Н., & Хаџи-Наумова Михајловска, К. (2021). Можности за примена на концептот на зелена економија во МСП во Р.С.Македонија, Економски институт Скопје
Cooney, S. (2009). Build a Green Small Businesses – Profitable ways to become an ecopreneur, Mc Grow-Hill, New York, 2009, p.25
Ilut, P. (2003). Motivatia. In Enciclopedie de Psihosociologie; Economică: Bucures,ti, Romania, 2003; p. 230
Ospanova, A., Popovychenko, I., & Chuprina, E. (2022). Green Economy–Vector of Sustainable Development. Problemy Ekorozwoju 17, 171–181.
Silajdži´c, I., Kurtagi´c, S.M., & Vuˇcijak, B. (2015). Green entrepreneurship in transition economies: A case study of Bosnia and Herzegovina. J. Clean. Prod., 88, 376–384
The Ellen MacArthur Foundation, Circular economy would increase European competitiveness and deliver better societal outcomes, new study reveals link: https://www.ellenmacarthurfoundation.org/news/circular economy would increase European competitiveness and deliver better societal outcomes new study reveals, last accessed 01.09.2023.
UNCSD (2011). Green economy in the context of sustainable development and poverty eradication, UN, link: http://www.uncsd2012.org/ , last accessed 05.09.2023.
Wei, X., Ren, H., Ullah, S., & Bozkurt, C. (2022). Does environmental entrepreneurship play a role in sustainable green development? Evidence from emerging Asian economies. Econ. Res.-Ekon. Istraživanja 01–13.
Zhaojun, Y., Jun, S., Yali, Z., & Ying, W. (2017). Green, Green, It’s Green: A Triad Model of Technology. Culture, and Innovation for Corporate Sustainability. Sustainability 9, 1369.